# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГРОБИШТА И ПОГРЕБАЛНИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08, 156/10 и 53/11) во членот 23 по став (1) се додава нов став (2) кој гласи:

„Трошоците за преземањето на умреното лице од став (1) на овој член паѓаат на товар на органот надлежен за водење на истражна постапка.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 2

Во членот 29 став (3) по зборовите: „од областа на здравството“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Ставот (5) се менува и гласи:

Начинот на издавање на одобрението за погребување надвор од гробиштата и постапката за погребување надвор од гробиштата од став (3) на овој член, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

Член 3

Во членот 30 став (3) во втората реченица зборовите: „како и во други случаи определени од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството или органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи“ се заменуваат со следниве зборови: „како и во случаи на умрени лица од елементарни непогоди и масовни смртни случаи предизвикани од масовни несреќи, епидемии, тероризам, војни или други вонредни околности“.

Член 4

Во членот 36 ставот (2) се менува и гласи: „Откопување на гроб во случаите од став (1) на овој член се врши исклучиво по претходно одобрение од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството“.

Ставовите (6) и (7) се бришат.

Член 5

Во членот 44 став (1) точката 9 се менува и гласи: „врши откопување на гроб без претходно одобрение од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството (член 36 став (2)).“

Точката 10 се брише.

Член 6

Се овластува Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за гробишта и погребални услуги.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

## I ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ

- Со дополнување на членот 23 со нов став (2) од Закон за гробишта и погребални услуги се врши прецизирање на тоа кој ќе ги сноси трошоците за преземање на умреното лице во случај кога постои сомневање дека истото не починало од природна смрт и во тој случај со нов став се утврдува дека трошоците за преземањето на умреното лице од став (1) на член 23 паѓаат на товар на органот надлежен за водење на истражна постапка.
- Во член 29 став (3) во кој се утврдува дека погребување надвор од гробиштата може да се изврши во случај на евентуални природни и други несреќи, војна, тероризам, епидемии, погребување на црковни великодостојници по одлука на црква, верска заедница или религиозна група, при што со измените се пропишува дека за истото е потребно само одобрение органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството. Ставот 5 од истиот член се менува со што се допрецизира начинот на издавање на одобрението за погребување надвор од гробиштата и постапката за погребување надвор од гробиштата од ставот (3) на овој член, ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.
- Со измената во втората реченица во член 30 став (3) се допрецизираат случаите кога погребувањето може да не се изврши од мртовечница.
- Имено, со членот 36 став (2) од законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на РМ“ бр. 86/08, 156/10 и 53/11) е утврдено дека откопување на гроб се врши исклучиво по претходно одобрение од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на внатрешните работи и од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

Со истиот член во став (6) е утврдено дека министерот за здравство во согласност со министерот за внатрешни работи треба да донесе подзаконски акт со кој ќе се пропише начинот на издавање на одобрение за откопување на гроб и постапката за откопување на гроб.

Со измените се бришат ставовите (6) и (7) од членот 36 од причина што истите се регулираат со Правилник на Министерсвото за здравство донесен врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести.

Имено. Министерството за внатрешни работи како орган на државната управа и дел од извршната власт ги врши работите што се однесуваат на остварувањето на системот на државната и јавната безбедност, односно ова министерство нема изворни надлежности кои се однесуваат на работите поврзани со погребувањето, откопувањето на гроб и погребалните услуги.

Со горенаведените измени е иземено Министерството за внатрешни работи со оглед на тоа што во Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09) во членот 52 став (3) е пропишано дека условите и начинот на закопување, ископување и пренос на телото на умрено лице од заразна болест ги пропишува министерот за здравство, и за тоа веќе постои донесен Правилник од Министерството за здравство според кој не е предвидена надлежност и потреба од издавање на посебно одобрение за откопување издадено од Министерството за внатрешни работи, а како аргумент за единствена примена на постојниот Правилник е фактот дека секое умрено лице е извор на заразна болест.
Врз основа на сето наведено, се утврди за потребно Министерството за транспорт и врски со овие измени и дополнувања да го изостави Министерството за внатрешни работи во делот од одредбите кои се однесуваат на погребување надвор од гробишта, како и во делот од одредбите кои се однесуваат на откопувањето на гроб и истите да се вршат без издавање на одобрение за откопување издадено од страна на Министерството за внатрешни работи односно само со одобрение издадено од Министерството за здравство.

## II МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија практично претставуваат изменување и дополнување и доразработка на постојните одредби од Законот со цел да се овозможи прецизирање на преземањето и превозот на умрено лице како и поедноставување на постапката за погребување и откопување на гроб и усогласување со Законот за заштита на населението од заразни болести,

## III ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се отстранат одредени недостатоци и непрецизности на оние одредби од Законот кои се предмет на изменување и дополнување на овој закон.